Република Македонија
НАРОДЕН ПРАВОБРАНИТЕЛ

Republika e Maqedonisë
AVOKATI I POPULLIT

OMBUDSMAN
Republic of Macedonia

Националниот превентивен механизам (НПМ) на 14.12.2011 година спроведе редовна ненајавена посета на Јавната установа Центар за сместување на лица баратели на право на азил (прва посета од НПМ тимот на овој центар). Посетата започна во 09:30 часот, а заврши во 14:10 часот (вкупно: 4 часа и 45 минути).

Иако Центарот е јавна установа од отворен тип, под надлежност на Министерството за труд и социјална политика, Народниот правобранител како национален превентивен механизам одлучи да ја посети оваа установа согласно належностите што произлегуваат од член 4 и член 20 од Факултативниот протокол. Целта на посетата, согласно Факултативниот протокол кон Конвенцијата против тортура и друго сурово, нехумано или понижувачко постапување или казнување, е идентификување ризици заради спречување тортура или друг вид сурово, нечовечно или понижувачко постапување или казнување, преку увид во материјалните услови во Центарот, постапувањето со барателите на азил, остварувањето на правата загарантирани со Законот за азил и привремена заштита и други меѓународни и домашни акти, како и водењето на евиденциите во врска со овие лица.

Посетата се спроведе во неколку чекори. На почетокот тимот на Националниот превентивен механизам разговараше со одговорното лице на Центарот, а потоа направи увид во: сместувачките капацитети, заедничките простории, амбулантата и во други помошни простории. При посетата беше разговарано и со лица баратели на азил, а остварени се и средби и разговори со сите вработени кои во моментот на посетата беа на работните места, како и со лекарот од општа пракса кој беше во редовна работна посета на Центарот. На крајот од посетата НПМ тимот ги даде своите првични согледувања и укажувања на одговорното лице.

НПМ утврди дека првата зграда каде се сместени барателите на азил не ги исполнува целосно стандардите за сместување лица. Исто така, бројот на вработени во Центарот не е доволен ниту пак, има соодветни профили на професии што може да одговорат на потребите на барателите на азил.

НПМ даде препораки за остварување на правото на здравствена заштита, побара подобрување на затоплувањето, како и споделување подетални и навремени информации за куќниот ред на јазик што го разбира лицето барател на азил. Особено беше побарана координација на Министерството за труд и социјална политика со Министерството за внатрешни работи во делот на навремено издавање идентификациска исправа за барател на право на азил, согласно обврската која произлегува од член 40 од Законот за азил и привремена заштита.

Како резултат од посетата, Националниот превентивен механизам подготви посебен извештај во кој ги констатира позитивните и негативните состојби и даде соодветни препораки за Министерството за труд и социјална политика и за Прифатниот центар со цел да се елиминираат откриените недостатоци.